РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-969/6
16-12-2020 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција од подносителот ----- - -- --------- -------------- од ---------, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на продолжението на 42-та седница одржано на ден 14.12 .2020 година донесе

**О д л у к а**

Постапката по предметот број 12-5254 од 2019 година, оформен по пријава бр. 12-5254/1 од 18.11.2019 година, доставена од подносителот ------ -- --------- -------------- од ---------, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување во предметот 12-5254 од 2019 година.

Предметот со број 12-5254 од 2019 година, да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-5254 од 2019 година е оформен по пријава бр. 12-5254/1 од 18.11.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), од подносител ------ -- --------- -------- ------ од ---------.

Во пријавата се изнесени наводи против лицето --------- ------------ од ----------, за сторено кривично дело бесправно градење по член 244-а став 1 од Кривичниот законик, за објекти изградени на различни катастарски парцели во КО Кисела Вода 2, а за кои градби по поднесени барања од истото лице биле водени постапки за легализација пред Општина Аеродром.

При разгледувањето на предметниот случај, Државната комисија ги зема во предвид наводите на подносителот и во насока на утврдување на фактичката состојба, достави барање до ОЈО -------- и до Општина Аеродром, за прибирање на податоци, информации и документација во врска со предметните наводи.

По барањето на Државната комисија доставени се известувања со бараните информации со прилог документација и по разгледување на целокупната документација со која располага за предметниот случај, од страна на ДКСК констатирано е следното:

- во конкретниот случај станува збор за постапка за легализација на бесправно изграден објект започната по барање поднесено од наведеното лице во м. март 2011 година до Општина Аеродром, во која од нејзина страна била дадена изјава под целосна кривична и материјална одговорност дека се работело за објект - летна кујна со WC, но во меѓувреме била променета фактичката состојба па во 2017 година со увид на лице место во постапката од страна на општинската комисија било констатирано дека објектот станал приземје и

мансарда (куќа), што значи бил надграден додека траела постапката, без одобрение за градба, а за него бил изработен и геодетски елаборат кој бил доставен до Општината;

- според подносителот на пријавата, иако објектот бил граден без одобрение за градба , Општината не ја запрела постапката, не го одбила барањето на наведеното лице и ја продолжила постапката со издавање на документи/акти по истата, во периодот јануари -март 2017 година а дури било издадено и решението за легализација, што било спротивно на чл.24-а од Законот за постапување со бесправни градби согласно кој за инволвираните лица била предвидена кривична одговорност.

- подносителот на пријавата се јавува како засегната страна во конкретниот случај поради тоа што бесправно изградениот објект бил изграден на парцели во КО Кисела Вода 2 и тоа на КП ---/- во сопственост на РСМ и на КП ---/- - на кои и тој имал сосопственички права, а исто се посочува и за незаконитости и во постапката водена за легализација на бесправна градба по барање за објект на КП ---/- која била сосопственост на еден од подносителите на пријавата ;

- во врска со предметниот случај, подносителот се обратиле до ОЈО Скопје со барање да постапат по нивната кривична пријава и да покренат обвинение против инволвираните лица;

- на ден 21.05.2020 година, ОЈО -------- ја известува ДКСК дека постапиле по кривичната пријава доставена од страна на ------ -- --------- --------------- од ---------, со која тие барале да се покрене обвинение против инволвираното лице во предметниот случај, (------- ------------ од ---------), за кривично дело – бесправно градење од член 244-а ст.1 од КЗ, по која бил оформен предмет КО бр. ----/--, а по кој било одлучено истата да биде споена кон предмет со број КО бр. ----/-- оформен во ОЈО за истиот настан - кој предмет бил во фаза на предистражна постапка, се вршеле проверки согласно ЗКП и се прибирале релевантни докази, па кога ќе се донела конечната јавнообвинителска одлука, оштетените ќе биле навремено известени;

- од страна на Општина Аеродром, на ден 27.05.2020 година до ДКСК доставено е известување дека предметната постапка за легализација во Општината се водела веќе подолг временски период и со информација за моменталната фактичка состојба по однос на постапката со во прилог доставена обемна документација. Во известувањето се наведува дека оваа постапка била започната по барање од 24.03.2011 година, поднесено од лицето --------- ----------- од ----------, а во која била издадена урбанистичка согласност за бесправен објект од 09.01.2017 година и решение за утврдување на правен статус на бесправен објект од 16.01.2017 година за станбена куќа на КП ---/- КО Кисела вода 2, како и урбанистичка согласност за бесправен објект од 27.01.2017 година и решение за утврдување на правен статус на бесправен објект од 03.03.2017 година за станбена куќа на КП ---/- и КП ---/- КО Кисела вода 2.

-Во врска со барањето за легализација поднесено од наведеното лице, од страна на подносителот на пријавата до ДКСК, - ---- ---------------- - бил заведен и управен спор во 2016, 2017 и 2018 година пред Управниот суд кој постапил по поднесените тужби и донел пресуди со кои истите биле одбиени како неосновани, а кои станале правосилни во 2017 и 2018 година .

Исто така, за овој случај постапила и Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, по жалба поднесена од страна на помошник раководителот на Секторот за комунални работи, урбанизам, заштита и унапредување на животната средина при Општина ----------, против решение од 27.11.2019 година донесено од страна на управни инспектори од Државниот управен инспекторат при извршен вонреден инспекциски надзор во м. ноември 2019 година по однос на решение донесено од Министерството за транспорт и врски од 08.1о.2019 година. По однос на вложената жалба, на ден 20.02.2020 година, оваа Државна комисија донела Решение дека истата се одбива како неоснована.

- Што се однесува до постапката за станбената куќа на КП ---/- КО Кисела вода 2, од страна на Министерството за транспорт и врски до Општина Аеродром било донесено решение од 03.04.2020, по жалба на лицето ------- ----------- од ----------, од 03.01.2020 година, против решението од 26.12.2019 година донесено од Градоначалникот на Општината а со кое и било одбиено барањето поднесено на 12.12.2018 година за ставање на печат на правосилност на решението за утврдување на правен статус на бесправен објект од 16.01.2017 година. Со донесеното решение – број УП 2 БР.-----/---- од 03.04.2020 година, Министерството за транспорт и врски и ја уважил жалбата на -------- ---------- од -------- и го поништил решението донесено од страна на Градоначалникот на предметната Општина.

- во постапката за станбената куќа на КП ---/- и КП ---/- КО Кисела вода 2, од страна на Министерството за транспорт и врски до Општина Аеродром било донесено решение од 03.04.2020, по жалба на лицето -------- - ------------ од ----------, од 03.01.2020 година, против решението од 28.12.2019 година донесено од Градоначалникот на Општината а со кое биле поништени урбанистичката согласност за бесправен објект од 27.01.2017 година и решение за утврдување на правен статус на бесправен објект од 03.03.2017 година. Со донесеното решение – број УП 2 БР.--------/---- од 03.04.2020 година, Министерството за транспорт и врски и ја уважил жалбата на ------ ------------ од --------- и го поништил решението донесено од страна на Градоначалникот на предметната Општина.

- Предметот по постапката и за двете станбени куќи,во моментот, во Општина Аеродром, бил дојден до фаза ставање печат правосилност на решенијата за утврдување на правен статус на бесправен објект.

Врз основа на сето погоре констатирано, Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека во предметниот случај постапуваат други надлежни органи, (ОЈО --------- и Општина Аеродром) пред кои постапка е се уште во тек, по што оцени дека Државната комисија нема елементи за свое натамошно постапување во предметниот случај, постапката по предметот, се запира а предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 14 декември 2020 година под бр. 12- 969/6**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut KOMISIONI SHTETEROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до :
- Архива
- Подносител

По заклучок на ДКСК,
Изработил: Ј.Ц., советник
Одобрил : С.П.Д ,член на ДКСК